Приватна научна установа БАС
Институт за менаџмент
БР. 03-32/1
25.12 2019 ГОД
Битола

Врз основа на член 3 од Одлуката за обезбедување услови за работа на Приватната научна установа БАС Институт за менаџмент Битола и член 56 од Статутот на Приватната научна установа БАС Институт за менаџмент Битола, Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје, претставувана од заменик директорот проф. д-р Лидија Стефановска, како нарачател на истражувачкиот проект (во понатамошниот текст нарачател) и БАС Институт за менаџмент Битола, претставуван од директорот доц. д-р Весна Стојановска, од друга страна како реализатор на истражувачкиот проект (во понатамошниот текст реализатор), на ден 25.12.2019 година, склучија

# ДОГОВОР

за обезбедување на услови за работа и финансирање на истражувачкиот проект
**„ИНТЕРЕСОТ НА МЛАДИТЕ И ВОЗРАСНИТЕ ЗА СТУДИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ ВО ЕРАТА НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И САЈБЕР-ЗАШТИТАТА“**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е истражувачкиот проект „ИНТЕРЕСОТ НА МЛАДИТЕ И ВОЗРАСНИТЕ ЗА СТУДИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ ВО ЕРАТА НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И САЈБЕР-ЗАШТИТАТА“ за периодот 2020 – 2021, усвоена од страна на Советот на БАС Институтот за менаџмент Битола.

**Член 2**

За реализација на истражувачкиот проект од член 1 на овој Договор, нарачателот се обврзува да обезбеди финансиски средства според годишниот финансиски план (буџет) за секоја фискална година.

**Член 3**

Покрај финансиските средства од член 2 на овој Договор, а за потребите на истражувачкиот проект, нарачателот ја става на користење својата постојна информатичка опрема, мебел и простор во објектот на Бизнис Академијата Смилевски во Битола, на ул. „Херцег Нови“ бр. 6 во Битола.

**Член 4**

Реализаторот се обврзува на нарачателот да му поднесува извештаи за текот и резултатите од истражувањата на секои 6 месеци во годината.

Реализаторот на истражувачкиот проект, а заради објективни причини, може од нарачателот да побара продолжување на рокот за реализација на истражувачкиот проект, за што поднесува Барање до нарачателот.

**Член 5**

Резултатите од истражувачкиот проект финансиран според овој договор се сопственост на нарачателот и тој ги поседува сите материјални права кои произлегуваат од тоа.

Реализаторот го задржува правото при публикување на истражувачките резултати да биде наведен како установа, во која тие дела се создадени.

Авторите на истражувачките трудови го задржуваат правото нивното име да биде наведувано секаде каде тие трудови се публикуваат.

**Член 6**

Овој Договор е составен во 4 еднакви примероци,односно по два за секоја страна.

**Член 7**

Во случај на спор, надележен ќе се смета Основниот суд во Битола.

**За нарачателот**

**Проф. д-р Лидија Стефановска, зам. директор**

**За реализатор**

**Доц. д-р Весна Стојановска, вршител на должност директор**